АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 26.10.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4685 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 септември 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 октомври 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6 септември 2018 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 51 став 1** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудио медиумската услуга; адресата на седиштето на давателот на аудио медиумската услуга; податоци за контакт (телефонски број, адресата на електронската пошта и/или веб страница, контакт лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт); и за надлежното регулаторно тело.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, на 6 септември 2018 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***